Врз основа на член 20 и 25 од Законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.в. на РМ бр.236/18 од 24.12.2018) и известувањето од Министерот за финансии бр. 18-9099/2 од 22.09.2022 година

**АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 5/2022**
**за вработување на 1 (еден) судски службеник на неопределено време**

**1.Категорија В, ниво В-1**
**Советник – информатичар – 1 (еден) извршител**

Услови за вршење на работите:

300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен факултет од областа на информатиката или друг факултет од соодветна област;
Најмалку 3 години работно искуство во струката;
Нето плата: 32.120,00 денари;

Работни часови неделно 40;
Работно време од 07,30 до 15,30 часот;
Работни денови од понеделник до петок.

Кандидатите покрај доказите за исполнување на посебните услови предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелациониот суд Скопје, потребно е да ги исполнуваат и општите услови за вработување во судска служба предвидени во член 21 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.43/14) и тоа:

- да е државјанин на РМ - активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна – Забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:

Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работните места за соодветното работно место согласно со член 3 од Закон за изменување и дополнување на законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.198/2018).

Заинтересираните кандидати се должни да достават Пријава за вработување на судски службеник (образец објавен во Сл.в. на РМ бр.236/18), која може да се подигне и во приемната писарница на Апелациониот суд Скопје, или пак истата да се превземе од web страната на Апелациониот суд Скопје (www.asskopje.mk).

Кон пријавата, кандидатите да ги приложат доказите за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавуваат, во оригинал или копија заверена на нотар:

- уверение за завршено соодветно образование
- доказ за работно искуство
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за општата здравствена состојба
- уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Кандидатите за судски службеник во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник – дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Напомена: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од понатамошна постапка.

Напомена: Времето и датумот на одржувањето на административната селекција, испитот и интервјуто се објавуваат на веб страната на Апелационен суд Скопје (www.asskopje.mk).

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаест) дена сметано од наредниот ден од објавувањето на огласот во дневните весници. Ненавремените, неуредните и нецелосно пополнетите пријави нема да се разгледуваат. Пополнетата пријава во писмена форма, кандидатите се должни да ја достават непосредно или по пошта на адреса:

АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ
Комисија за избор на судски службеник
бул.Крсте Мисирков бр.1 Скопје

Постапката за селекција и вработување ќе биде спроведена согласно, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.в. на РМ бр.236/18 од 24.12.2018).

Кандидатите кои ќе ја поминат административната селекција, полагаат испит за судски службеник во просториите на Апелациониот суд Скопје.

Базата на прашања и потребната стручна литература, е достапна на web страната на Апелациониот суд Скопје (www.asskopje.mk).